64. ... 1.157.4.112/405-466 465

ЗА ПРВАТА СЕИДБА НА СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА ЗЕМЙА.

Нашата татковина е по прв пат во својата историйа слободна.По нейа веке не гази окупаторската злотворна и рушителна чизма,ве нейа веке нема ни бегови ни солунци ни опчленци нито германски грабачи,кой ни го земава житото, тутунот,афийонот,овците,маслото,волнота и др.Слонцето на слободата и правдата чекано хилйадници години светна по прв пат на нашите ограбени полинйа и планини. Со векови нашите ниви,нашите лозйа,нашите гори и рудницибева смокани от тугинци.

По прв пат во нашата историйа ке врлиме овайа есен,по нашите ниви, семе кое ке донесе свойте плодови не веке за тугинците а за нас.

Плодовити од слободната македонска земйа ке си останат наши-македонски.

F, Света должностпе на секой земеделец,должност наспрам земйата,свойот народ и народната войска,да во овайа,прва есен во слободата,посейе по возможност и последното нивче койе можи да се сейе,оставайки само онийа ниви кой ке се сейат на пролет со пролетни култури.Макар и со найголеми маки и трудности секой земеделец треба со сите сили да настойава да си го исполни свойот долг на спрам свойата татковина и така да првата македонска жетва во слободата,биди много по голема од сите досегашните.

Нека не остане македонска нива од койа не ке се собери плод во првата слободна година,оти житата,тутуните,афийонот,памукот и др.плодови што ги дава што xxxxx македонската земйа ке си останат наши.Тайа годино нема веке окупаторо да ги ограбува плодовите на македонската земйа.

Земеделците ке бидат со сите сили помагани од свойата народна власт, преко своите селски и општински Народно-ослободителни одбори,за полно извршунйе на поставените задачи.Со организиранйето на селски и општински "Семени фондови" со мобилизацийа на земеделски инвентар,работна снага и работен добиток и со правилното распределение на истите,селските и општинските Народно-ослободителни одбори ке овозможат сеидбата на онийа земеделци кой немат семе, земеделски инвентар,работна човечка сила или работен добиток,така да не остани не посейана нива за ради това што некой земеделец нема семе,алат,работен добиток или работна чавечка рака.

На слободна македонска земйа да не остане непосейано ни педа плодна земйа!

Житата и плодовите на македонската земйа нема веке да ги земат тугинците и окупаторите,туку си остават наши-македонски.

Инж.Сл.Поп Антоски
реф.за полйоделие при Поверенство за
народното стопанство